| Рб | Вид на трошок | Конто | Пролетер | Водовод | Канализација | Колектор | Комунална хигиена | ЈПП | Пазариште | Гробишта |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 47 | Тр. за јавно осветлув | 4158/1 | **58144** | 23,839 | 3,489 | 5,814 | 15,699 | 6,977 | 1,744 | 581 |
| 48 | Тр. Реклама и промо | 4170 | **3696** | 1,515 | 222 | 370 | 998 | 444 | 111 | 37 |
| 49 | Тр.за регистрација | 41900/9 | **138498** | 34,625 | 6,925 | 0 | 96,949 | 0 | 0 | 0 |
| 50 | Агенција за вработув | 41912 | **4882878** | 2,001,980 | 292,973 | 488,288 | 1,318,377 | 585,945 | 146,486 | 48,829 |
| 51 | Вкалкулирани бруто | 4200 | **39750832** | 19,080,399 | 1,192,525 | 6,757,641 | 10,732,725 | 1,192,525 | 397,508 | 397,508 |
| 52 | Тр.за отпремнина на | 4220 | **577831** | 236,911 | 34,670 | 57,783 | 156,014 | 69,340 | 17,335 | 5,778 |
| 53 | Регрес за год. одмор | 4223 | **1048619** | 429,934 | 62,917 | 104,862 | 283,127 | 125,834 | 31,459 | 10,486 |
| 54 | Трошок за помош на | 4228 | **33333** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 55 | Амортизација | 4300 | **4996714** | 1,199,211 | 299,803 | 499,671 | 2,448,390 | 349,770 | 149,901 | 49,967 |
| 56 | Дневници за сл.пат в | 4400 | **26657** | 10,929 | 1,599 | 2,666 | 7,197 | 3,199 | 800 | 267 |
| 57 | Дневници за слу. Пат | 4401/3 | **6241** | 6,241 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 58 | Надомест за смртен | 4414 | **346990** | 346990 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 59 | Тр.за репрезентација | 4440 | **69610** | 28,540 | 4,177 | 6,961 | 18,795 | 8,353 | 2,088 | 696 |
| | **В К У П Н О СТР.** | | **51,940,043** | **23,401,115** | **1,899,299** | **7,924,056** | **15,078,271** | **2,342,387** | **747,433** | **514,150** |

| Рб | Вид на трошок | Конто | Пролетер | Водовод | Канализација | Колектор | Комунална хигиена | ЈПП | Пазариште | Гробишта |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 60 | Премии за осигурува | 44500 | **145,961** | 59,844 | 8,758 | 14,596 | 39,409 | 17,515 | 4,379 | 1,460 |
| 61 | Банкарски услуги | 4460 | **353,569** | 144,963 | 21,214 | 35,357 | 95,464 | 42,428 | 10,607 | 3,536 |
| 62 | Тр.за центр.регистар | 4462 | **12,328** | 5,054 | 740 | 1,233 | 3,329 | 1,479 | 370 | 123 |
| 63 | Тр.за членарини архи | 44730 | **2,500** | 1,025 | 150 | 250 | 675 | 300 | 75 | 25 |
| 64 | Членарина АДКОМ | 44731 | **66,160** | 27,126 | 3,970 | 6,616 | 17,863 | 7,939 | 1,985 | 662 |
| 65 | Тр.за истакнување ф | 4474 | **3,000** | 1,230 | 180 | 300 | 810 | 360 | 90 | 30 |
| 66 | Останати трошоци | 4479 | **36,440** | 14,940 | 2,186 | 3,644 | 9,839 | 4,373 | 1,093 | 364 |
| 67 | Надоместок на прих. | 44791 | **13,695** | 13,695 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 68 | Адвокатски и нотар.т | 44902 | **116,757** | 47,870 | 7,005 | 11,676 | 31,524 | 14,011 | 3,503 | 1,168 |
| 69 | Семинари | 44903 | **42,720** | 17,515 | 2,563 | 4,272 | 11,534 | 5,126 | 1,282 | 427 |
| 70 | Услуги по Договор за | 44908 | **168,590** | 69,122 | 10.115 | 16,859 | 45,519 | 20,231 | 5,058 | 1,686 |
| 71 | судски такси | 4493 | **11,118** | 11,118 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 72 | Тр.за огласување во | 4494 | **105,382** | 43,207 | 6,323 | 10,538 | 28,453 | 12,646 | 3,161 | 1,054 |
| 73 | Тр.за сл.весник и лит | 4497 | **66,613** | 27,311 | 3,997 | 6,661 | 17,986 | 7,994 | 1,998 | 666 |
| 74 | Надомест на услуги | 4498 | **392,285** | 160,837 | 23,537 | 39,229 | 105,917 | 47,074 | 11,769 | 3,923 |
| 75 | Кусоци утврдени со | 4640 | **66,234** | 66,234 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 76 | Надомест по судско | 4684 | **47,222** | 47,222 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 77 | Казнени камати | 4747 | **241,348** | 36,202 | 36,202 | 36,202 | 36,202 | 0 | 0 | 96,539 |
| 78 | Негативна курсна ра | 4752 | **5,008** | 5,008 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 79 | Останати фин. Расхо | 4793 | **3,069** | 3,069 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **В К У П Н О СТР.** | | **1,899,999** | **802,593** | **126,941** | **187,433** | **444,525** | **181,477** | **45,369** | **111,662** |
| | **ВКУПНИ РАС. СТР. 1+2+3+** | | **68,896,920** | **32,921,048** | **2,713,184** | **10,199,043** | **18,584,699** | **2,879,435** | **889,840** | **676,339** |

**13.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и 202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот по Извештајот за работењето на одделението Јавно прометни површини за 2025 година

Се објавува Заклучок по Извештај за работењето на одделението Јавно прометни површини за 2025 година, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 13.03.2026 година.

Бр.09-943/13
23.03.2026 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 23 став 1 точка 35 и член 86 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/10, 13/13, 08/15, 11/15 и 10/21) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 13.03.2026 година, откако го разгледа Извештајот за работењето на одделението Јавно прометни површини за 2025 година, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

Се усвојува Извештај за работењето на одделението Јавно прометни површини за 2025 година заведен под арх.бр.01-128 од 06.03.2026 година, со напомена дека, Извештајот не е претходно разгледан од Управен одбор на претпријатието поради негово неформирање.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-805/16
13.03.2026 година
Р е с е н

Претседател
Коста Замановски с.р

# ЈКП "ПРОЛЕТЕР" - РЕСЕН

Тел: 047/451-643; фах:047/455-461; ж-ка: 200000001089496;
д-нт Стопанска банка АД Скопје; e-mail: jkpresen@gmail.com


РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

| | | |
|---|---|---|
| | 06.03.2026 | |
| 08 | 818/5 | |

ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ „ПРОЛЕТЕР"
Бр. 01-128
06.03.2026 год.

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЈАВНО ПРОМЕТНИ ПОВРШИНИ ЗА 2025 ГОД**



Февруари 2026

Јавно Комунално Претпријатие ПРОЛЕТЕР Ресен 1 ЦО

ЈКП„Пролетер“ за одржување на јавна чистота својата дејност ја врши врз основа на Законот за јавна чистота и правилникот за комуален ред на Општина Ресен и тоа со еден одговорен работник и 7(седум) работнци-одржувачи на јавната чистота.

Секоја година Одделението на Јавно Прометни Површини подготвува програма за одржување на јавната чистота за тековната година,според програмата одржувањето на јавната чистота во јавните површини во Ресен се реализира преку: Чистење-метење на Јавните површини,Миење поливање на Јавните Површини,Одржување на зеленилото во градот,Одржување на комунална опрема.

Улиците во градот Ресен кои се одржуваат од страна на Р.Е Јавно Прометни Површини се поделени во улици од I-приоритет,II-приоритет и улици од III-приоритет.

Во зимскиот период Одделението на Јавно Прометни Површини врши расчистување на снегот во центарот на градот,правење на патеки за движење на граѓаните до институциите,расчистување на тротоарите и банкините,чистење на снегот на гратските гробишта.За правење на патички Одделението на Јавно Прометни Површини освен рачно со помош на казма и лопата за ринење на снег, се служи и механизацијата со која располага претпријатието.

Во соработка со Агенција за вработување и Општина Ресен ангажирани се сезонски лица за работа во Одделението за Јавна Чистота кои се ангажирани за работа на терен. Со нив во текот на зимскиот период, одделението на Јавна чистота редовно ги исчисте улиците од Прв, Втор и Трет приоритет кои се опфатени со програмата„пакрковите на ул.„Ленинова’, паркот во населба„ Црквиште”, гробиштата, мали депонии низ градот, лисјата од улица 29ти Ноември и споредните улици.











Со завршување на зимската сезона се врши расчистување на улиците од земјата која е фрлана од страна на Македонија Пат,чистењето на земјата се врши рачно со лопата и метла,земјата се изнесува со трактор.Кога ке се завршат сите улици со рачно чистење се преминува на метење на јавните површини,улиците со механизација со која располага претпријатието,после метењето се продолжува со миење/поливање на улиците со цистерна, со што да се подобри метењето и миењето на улиците во и низ центарот на градот.Исто така ова година беше вклучена и метларката која секое сабајле во летниот период беше на терен.








  

За време на врнежи се зголемуваат наносите од земја на улиците посебно на неколку клучни точки како на пример ул.„Борис Кидрич",ул.„Јосиф Јосифовски",„Нијази Бег", „Ленинова",„29-ти Ноември" и тоа што овие улици се транзитни и поминуваат товарни возила се отежнува нивното чистење и одзема повеќе време за да се расчистат.

 

Во месец Мај започнуваме со обработување на земјата припрема за садење на цвекиње во центарот на градот односно во гратскиот парк,се поставија 300(триста) корења на питувии кои се распоредија на канделабрите каде се поставени обрачи за саксии, на ул.„Мите Богоевски", ул.,,Гоце Делчев" плтоштадот и во јаболкото.








Во периодот од **мај до Ноември**, беа спроведени интензивни активности за одржување на хигиената и уредување на јавните површини низ територијата на главниот град.

**Опфатени активности и реализација:**

Во текот на изминатиот период, беа спроведени интензивни активности за уредување на градското подрачје, јавните простори и специфични локации, со цел обезбедување чиста и здрава животна средина.

1. **Одржување на урбаното јадро и сообраќајната инфраструктура**

- **Редовно чистење:** Извршено е косење и метење на сите улици во главниот град, вклучувајќи и дополнителни вонпрограмски улици.
- **Хигиена на јавни површини:** Спроведено е рачно миење на улиците и градскиот плоштад со употреба на цистерна за вода, со што се подигна нивото на хигиена во најфреквентните зони.
- **Сезонски активности:** Започнувајќи од септември, па сè до крајот на ноември, се врши континуирано собирање и расчистување на паднатите лисја на целата територија на градското подрачје. Собирање на лисјата од паркот и улиците:„Ленинова„„Јосиф Јосифовски„„Борис Кидрич„„29-ти Ноември",и делот кај Агроплод

2. **Хортикултурно уредување и заштита на вегетацијата**

- **Заштита на дрвјата:** Реализирано е мачкање на стеблата на липите и нивно третирање со соодветни пестициди за заштита од болести и штетници.
- **Уредување на „Домот на Кулурата - Сарај":** Извршено е комплетно средување и тековно одржување на комплексот.

**3.Специфични теренски активности и расчистување**

- **Речни корита:** Спроведена е акција за расчистување на речното корито и косење на крајбрежната вегетација.
- **Одржување на гробишта:** Извршено е машинско и рачно косење и чистење на просторот на гробиштата.

- **Употребена механизација:** За ефикасно извршување на задачите беа ангажирани професионални мулчери за поголеми површини, како и рачни тример косачки за прецизно уредување на тешко достапните места.

- **Санација на отпад:** Целата покосена маса и насобраниот отпад беа соодветно собрани и транспортирани, со што се оневозможи дополнително загадување и се подобри естетскиот изглед на јавниот простор.
  Овие активности се дел од континуираните напори за подобрување на урбаното живеење и обезбедување чиста животна средина за граѓаните.


















  

Во текот на месеците април и август, беа реализирани низа планирани активности за расчистување и уредување на пешачката патека што ги поврзува населените места Претор и Сливница.

**Опфатени активности:**

- **Механизирано расчистување:** Со употреба на соодветна механизација (трактор опремен со мулчер), беше извршено темелно чистење на покрупната вегетација и подготовка на теренот.
- **Одржување на зелените површини:** Извршено е косење на тревата по должината на патеката со помош на рачни тример косачки за прецизно уредување на пристапните делови.
- **Хигиена и санација:** Извршено е рачно чистење на патеката со метли и целосно отстранување на собраниот отпад.

**Соработка:**

Како дел од нашата посветеност на заштитата на животната средина, бевме активни учесници во традиционалната годишна акција организирана од здружението Еко Герила Преспа. Преку оваа заедничка иницијатива, дополнително се зајакнаа капацитетите за одржување на патеката, со цел да се обезбеди чиста и безбедна средина за сите посетители и локалното население.

  

Во соработка со Агенција за вработување и Општина Ресен ангажирани се сезонски лица за работа во Одделението за Јавна Чистота кои се ангажирани за работа на терен .Во прилог ви го доставуваме Извештаите за работа на сезонските работници.

**Изготвил:**

Леонора Реџепи

ПРОЛЕТЕР Ресен Јавно Комунално Претпријатие ЈП

**ЈКП„Пролетер“-Ресен**
**в.д. Директор**

Марчел Косентино Русу

ЈКП "ПРОЛЕТЕР" - РЕСЕН
Тел: 047/451-643; фах:047/455-461; ж-ка: 200000001089496;

**Извештај за работа на Сезонски работници во ЈКП„Пролетер"**

Во соработка со Агенција за вработување и Општина Ресен ангажирани се 15(петнаесет), лица за работа во Одделението за Комунална Хигиена и Јавна Чистота,кои се ангажирани за работа на терен со следните активности:

- Косење и метење на улиците кон Центарот на градот :ул.„29-ти Ноември",ул.„Јосиф Јосифовски",ул.„Борис Кидрич",ул.„Ленинова",ул.„Корчуланска",ул.„Обиколна",

ул.2Наум Веслиевски",ул.„Таше Милошевски",ул.„4-та",
- Собирање на отпад од Детското паркче на ул.„Ленинова",косење исобирање на тревата,
- Косење и чистење на Игралиштето во населба Црквиште,
- Ринење на земја по ул.„Ленинова",ул.„Борис Кидрч",ул.„Корчуланска",
- Неколку акции на чистење на малите контејнери од 1:1 низ градот и населба Црквиште,
- Собирање на отпадоци низ гратските гробишта,
- Сечење на дрва низ гратските гробишта и расчистување на дрвата од дворот на гратските гробишта,
- Ринење,метење и кастрење на дрва на ул.„29-ти Ноември",
- Чистење кај зградите во населба црквиште,
- Косење и сечење на гранки проширување на патеката од Претор до Крани,

Сезонските работници редовно се потпишуваа за присуство во Дневник за редовност.
Дел од работниците извршуваа и подигнување на контејнери и канти во реоните.









































 

**Изготвил**
Леонора Рецепи

**ЈКП„Пролетер“-Ресен**
**в.д Дирекор**

Марчел Косентино Русу

Февруари 2026

**14.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и 202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот по Извештајот за работата на градските гробишта во Ресен во 2025 година

Се објавува Заклучок по Извештај за работата на градските гробишта во Ресен во 2025 година, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 13.03.2026 година.

Бр.09-943/14
23.03.2026 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 23 став 1 точка 35 и член 86 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/10, 13/13, 08/15, 11/15 и 10/21) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 13.03.2026 година, откако го разгледа Извештајот за работата на градските гробишта во Ресен во 2025 година, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

Се усвојува Извештај за работата на градските гробишта во Ресен во 2025 година заведен под арх.бр.01-127 од 06.03.2026 година, со напомена дека, Извештајот не е претходно разгледан од Управен одбор на претпријатието поради негово неформирање.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-805/17
13.03.2026 година
Р е с е н

Претседател
Коста Замановски с.р

# ЈКП "ПРОЛЕТЕР" - РЕСЕН

Тел: 047/451-643; фах:047/455-461; ж-ка: 200000001089496;
д-нт Стопанска банка АД Скопје; e-mail: jkpresen@gmail.com


ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ „ПРОЛЕТЕР"
Бр. 01-127
06.03.2026 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
06.03.2026
08 818/7

# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА ГРАДСКИТЕ ГРОБИШТА ВО РЕСЕН
## ВО 2025 ГОДИНА



Февруари 2026

Јавно Комунално Претпријатие ПРОЛЕТЕР Ресен

Една од дејностите на Јавното Комунално Претпријатие Пролетер од Ресен е и одржувањето на градските гробишта во Ресен.

Градските гробишта Ресен се објект од јавен интерес каде што се врши погребување на покојните и извршување на верски обреди. Од тука се налага потребата за нивно постојано одржување и уредување.

Во текот на 2025 година од страна на Јавното Комунално Претпријатие Пролетер од Ресен беа превземени потребните мерки за одржување на градските гробишта:

- редовно изнесување на отпадот. За оваа цел се поставени контејнери од 1 $м^3$ и празни буриња кои беа навремено изнесувани од страна на ЈКП Пролетер - Ресен.

- косење на тревата кое во текот на 2025 година за разлика од претходните години се изврши повеќе пати, поради временските услови.

- кастрење, односно сечење на дрвјата во целост кои се наоѓаат во гробиштата и кои претставуваат опасност да направат штета на надгробните споменици

- редовно чистење на гробиштата од косената трева, лисја, градежен шут кој останува по изведба на споменици, хартија, пластика, стари венци и друг отпад.

- одржување на патеките во градските гробишта.

- одржување на водоводната мрежа во гробиштата

- во зимскиот период немаше чистење на снегот бидејќи оваа зима немаше потреба.

Оваа година се реши еден од поголемите проблеми поврзан со гробиштата во Ресен и околината околу гробиштата а тоа е каналот пред истите. Општина Ресен по барање на претпријатието го реши проблемот со каналот на начин што целосно го затворија со поставување на цевки и посипување на истите со чакал и песок и поставување на бекатон плочки со што се олесна движењето на пешаците кои ги посетуваат гробиштата. Сега пешаците можат да се движат безбедно по пешачка патека а околните жители да не ја чуствуваат миризбата која се ширеше од каналот.







ЈКП Пролетер - Ресен согласно законот за "Гробишта и пограбални услуги" има склучено договор со еден погребален оператор од градот Ресен. Во текот на 2025 година во гробиштата се извршени вкупно 67 погреби. Од нив 56 се извршени во стари постоечки гробни места, а 11 се нови гробни места.

Во делот на финансиите за 2025 година претпријатието оствари приход на име одржување на гробно место во износ од 2,204,286 денари, приход од продажба на ново гробно место 55,000 денари, пристап на градските гробишта 36,000 денари, користење на инфрастуктура 35,322 денари. Додека пак расходи во висина од 676,339 денари.

Воочливо е зголемувањето на приходите поради промената на цената. Бележиме мал пораст на расходите кој е незначителен и е поради зголемувањето на платите во претпријатието. Со ваков финансиски резултат на оваа работна единица се отвораат можности за решавање на проблемите кои се наталожени изминативе години.








За во иднина остануваат да се завршат следните активности:

- Уредување на новиот дел од гробиштата каде цената на ново гробно место ќе изнесува 21,000 +ддв. Ќе се продаваат гробни места со веќе изработена бетонска рамка 260цм x 160цм и проблемите со узурпација на простор ќе се елиминираат во целост.

- Изградба на влезна порта на влезот од паркингот.

- Изградба на влезна порта или ограда на горниот дел на гробиштата со цел да се оневозможи пристап на економски оператори кои не ги подмируваат своите обврски према ЈКП.

- Пронаоѓање и стапување во контакт со роднини на покојни кои се погребани во гробиштата со цел наплата за одржување на стари гробни места кои не се наплаќаат. Мора да нагласиме дека овој проблем изминатиов период се повеќе се намалува, тоа се должи на промената на изгледот на сметките. Корисниците сега јасно можат да видат за колку гробни места му се наплаќа за одржување и самоиницијативно доаѓаат да го потврдат или корегираат тој податок.








ЈКП "Пролетер" – Ресен
в.д. Директор

Изработил: Јоновска Христина

Марчел Косентино Русу

**15.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и 202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот по Извештајот за работата на канализација и пречистување на отпадни води во 2025 година

Се објавува Заклучок по Извештај за работата на канализација и пречистување на отпадни води во 2025 година, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 13.03.2026 година.

Бр.09-943/15
23.03.2026 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 23 став 1 точка 35 и член 86 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/10, 13/13, 08/15, 11/15 и 10/21) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 13.03.2026 година, откако го разгледа Извештајот за работата на канализација и пречистување на отпадни води во 2025 година, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

Се усвојува Извештај за работата на канализација и пречистување на отпадни води во 2025 година заведен под арх.бр.01-124 од 06.03.2026 година, со напомена дека, Извештајот не е претходно разгледан од Управен одбор на претпријатието поради негово неформирање.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-805/18
13.03.2026 година
Р е с е н

Претседател
Коста Замановски с.р

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
06.03.2026
08 | 818/3


# ЈКП "ПРОЛЕТЕР" - РЕСЕН

Тел: 047/451-643; факс:047/455-461; ж-ка: 200000001089496;
д-нт Стопанска банка АД Скопје; e-mail: jkpresen@gmail.com


ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ „ПРОЛЕТЕР"
Бр. 01-124
06.03.2026 год.

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТАТА НА КАНАЛИЗАЦИЈА И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ ВО 2025 ГОДИНА




Јануари 2026

Јавно Комунално Претпријатие
ПРОЛЕТЕР
Ресен
ЦО

# КАНАЛИЗАЦИЈА

Јавното Комунално Претпријатие Пролетер - Ресен врши одржување на фекалната и атмосферската канализација на територијата на Општина Ресен.

Заради ова во состав на претпријатието постои посебно Одделение за канализација и пречистување на отпадни води.

Вкупната должина на канализационата мрежа изнесува 44 км и тоа 37 км се фекална и 7 км атмосферска канализација.

Атмосферската канализациона мрежа ги собира атмосферските води од врнежи и ги спроведува во Голема Река.

Фекалната канализациона мрежа ги одведува фекалните отпадни води од градот Ресен и селата Јанковец, Царев Двор, Езерени, Горна Бела Црква и Долна Бела Црква.

Одведувањето на фекалните води во поголемиот дел се врши гравитационо со исклучок на селата Долна Бела Црква, Езерени и дел од селото Царев Двор каде одведувањето на фекалните отпадни води се врши со препумпување преку четири препумпни станици од кои две се наоѓаат во Царев Двор, една во Езерени и една во Долна Бела Црква. Фекалните води понатаму се одведуваат на нивно пречистување во Пречистителната Станица Езерени.

Во одржувањето на атмосферската и фекалната канализациона мрежа во текот на 2025 година беа вклучени двајца вработен што е зголемување на бројот во однос на минатите години и доволен број за најголем број од активностите поврзани со одржувањето на канализационата мрежа.

По потреба беа вклучувани и други вработени од другите одделенија на претпријатието. Ова во најголем број случаи се однсува на возачи од другите одделенија бидејки одделението за канализација и пречистување на отпадни води нема сопствен возач.

За интервенции и отстранување на проблеми во функционирањето на канализационата мрежа како основно работно средство се користеше специјално возило за отпушување на канализација (Канал-цет).

За управување на специјалното возило беа ангажирани возачи од другите единици на претпријатието што повеќе пати доведуваше до тоа да се интервенира со мало закаснување.

Во текот на 2025 година претпријатието доби донација од приклучна машина за чистење на канализација со што во наредниот период се очекува да има помалку застои во интервенциите врз канализационата мрежа.



И покрај проблемите со кои се соочуваше одделението во одржувањето на канализацијата сепак во 2025 година успеа успешно да ги заврши своите задачи. При тоа се извршени следните интервенции:

Во текот 2025 беше интервенирано вкупно 176 пати за отпушување на затната канализација. Исто како и во претходните години најголем број од запушувањата на канализација беа настанати као резултат на несовесното однесување на граѓаните кои во канализациониот систем исфрлаат разновиден отпад како што се текстил, пластика, градежен шут и друг материјал кој не треба да се исфрла во канализацијата. Во текот на 2025 година редовно беше

вршено рачно чистење на сливници од атмосферска канализација на територијата на градот Ресен.

Во 2025 година извршени се вкупно 10 интервенции врз препумпните станици со цел да се отстранат проблеми во работата и истите да се вратат во функција. Извршени се вкупно 1 интервенции на препумпна станица Езерени, 1 интервенција на прешумпна станица во Царев Двор и 8 интервенции на препумпната станица во Долна Бела Црква.

Интервенциите на препумпните станици најчесто се состоеја од чистење на пумпите и замена на црево. Повторно како причина за потребата од интервенции на препумпните станици се јавува несовесноста на граѓаните кои фрлаат разни материи во канализацијата.

Извршени се и три поголеми интервенции на раскопување на канализациони линии и замена на оштетени цевки со нови во селот, улица Јосиф Јосифовски, ул. Славејко Арсов и на ул. 11-ти Септември.



*Слика 1: ул.Славејко Арсов*



*Слика2: ул.Јосиф Јосифовски*



*Слика 3: ул.11-ти Септември*

Од погоре изнесеното може да се заклучи дека во текот на 2025 година одделенито канализација и покрај проблемите успешно ја заврши својата задача. Мора да се спомене дека и понатаму остануваат проблемите со недоволен број на работници во одделнието, посебно возачи за специјалното возило, како и проблемот со застареноста и честите дефекти на истото.

Исто така треба да се спомене дека и понатаму останува проблемот на прелевање на атмосферската канализација во фекалната и обратно што доведува до низа проблеми како талоѓење на песок и затнување на мрежата као и можноста за излевање на фекалната канализација при силни врнежи.

# СИСТЕМ ЗА ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ

Пречистителната Станица Езерени е објект во состав на Јавното Комунално Претпријатие Пролетер и таа е изградена со цел заштита на животната средина и Преспанското Езеро као големо природно богатство кое се наоѓа на територијата на Општина Ресен.

Пречистителната Станица Езерени се наоѓа јужно од градот Ресен на оддалеченост од околу 1 километар од селото Езерени, односно оддалеченоста од градот Ресен е околу 10 километри.




*Местоположба на ПС Езерени на територијата на Општина Ресен*

Во станицата се врши пречистување на отпадните фекални води од градот Ресен, и селата Јанковец, Царев Двор, Езерени, Горна Бела Црква и Долна Бела Црква односно приклучени се според проценките приближно 9.500 жители.

Станицата е предвидена да работи со максимално оптоварување од 12.000 еквивалент жители и максимално хидраулично оптоварување од 96 литри во секунда. Имајки го горенаведеното во предвид може да се заклучи дека во иднина постои можност за приклучување на дополнителен број на корисници.

Во 2025 година работата на пречистителната станица се одвиваше доста успешно при што треба да се забележи дека и во текот на 2025 година останува голем проблем во работата тоа што атмосферски води се влеваат во фекалната канализација што при што врши дополнително оптоварување на станицата станицата.

Исто така при обилни врнежи во станицата влегуваат и големи количини песок кој предизвикува други проблеми во работата и нормалното функционирањето.

Во текот на 2025 година навремено се извршуваа редовни задачи поврзани во одржувањето на опремата во станицата како што се:

- дополнување на масло во компресори,
- редовно чистење на решетките од станицата од разни отпадоци,
- одржување на зеленилото во кругот на станицата,
- следење на работата и навремено отстранување на дефекти на опремата и друго

Во месец Февруари беше заменет миксерот во биоблокот 2 (лев) поради дефект.

Некои инвестиции кои според програмата за работа на канализација и пречистување на отпадни беа планирани во текот на 2025 година за жал не се реализираа поради финансиски причини се оставени за во 2026 година:

- набавка на нова сонда за кислород,
- поправка на ограда,
- набавка на модул за и сервис на PLC.

Во текот на 2025 година во Пречистителната Станица Езерени се прочистени преку 454.000 $м^3$ отпадни води што исто како и минатите години претставува количина којашто е поголема од онаа којашто е фактурирана на корисниците. Причина за ова е како што беше претходно наведено прелевањето на атмосферските води во фекалната какализациона мрежа.

Во текот на 2025 година во сушните полиња се испуштени 800 $м^3$ вишок муљ што по сушењето во полињата би се добило еквивалентно 30 $м^3$ сува материја.

ЈКП “Пролетер” – Ресен
в.д. Директор

Изработил: Волкановски Ѓорги

Спец. за Екон. Марчел Косентино Русу

**16.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и 202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот по Извештајот за реализација на Програмата за одржување на комунална хигиена за 2025 година

Се објавува Заклучок по Извештај за реализација на Програмата за одржување на комунална хигиена за 2025 година, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 13.03.2026 година.

Бр.09-943/16
23.03.2026 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 23 став 1 точка 35 и член 86 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/10, 13/13, 08/15, 11/15 и 10/21) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 13.03.2026 година, откако го разгледа Извештајот за реализација на Програмата за одржување на комунална хигиена за 2025 година, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

Се усвојува Извештај за реализација на Програмата за одржување на комунална хигиена за 2025 година заведен под арх.бр.01-125 од 06.03.2026 година, со напомена дека, Извештајот не е претходно разгледан од Управен одбор на претпријатиета поради негово неформирање.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-805/19
13.03.2026 година
Р е с е н

Претседател
Коста Замановски с.р

ЈКП "ПРОЛЕТЕР" - РЕСЕН
Тел: 047/451-643; фах:047/455-461; ж-ка: 200000001089496;
д-нт Стопанска банка АД Скопје; e-mail: jkpresen@gmail.com

ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ „ПРОЛЕТЕР"
Бр. 01-125
06.03.2026 год.

06.03.2026
08 818/2

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА КОМУНАЛНА ХИГИЕНА ЗА 2025 ГОДИНА




Февруари 2026 год

Јавно Комунално Претпријатие ПРОЛЕТЕР Ресен

Овој извештај се однесува на состојбата со управувањето на комуналниот отпад на територијата на Општина Ресен за периодот од 2025 год. Целта на извештајот е да се прикаже количината на собран отпад, начинот на негово управување и предизвиците со кои се соочува системот за комунална хигиена.

Во наведениот период се собрани вкупно 5.953 тони комунален отпад. Просечната дневна количина на отпад изнесува 60 м3. Најголем дел од отпадот е мешан комунален отпад, додека процентот на селектиран отпад сѐ уште е релативно низок.

| Р.бр | Шифра | | | | | | Оп. отп | | Вид на отпад | Потекло на создадениот отпад | Постапување со отпад | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | Сопствено депонирање | Времено складирање | Понатамошно постапување | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | t | | | m3 | t | m3 | t | m3 | оз |
| 1 | 2 | | | | | | 3 | | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | | | | | | |
| 2 | 2 | 0 | 0 | 2 | 0 | 1 | | | биоразградлив | паркови и гробишта | | | 140 | | | | | | |
| 3 | 2 | 0 | 0 | 2 | 0 | 3 | | | не е биоразградлив | паркови и гробишта | | | 33 | | | | | | |
| 4 | 2 | 0 | 0 | 3 | 0 | 1 | | | измешан | домаќинства и индустрија | 5953 | | | | | | | | |
| 5 | 2 | 0 | 0 | 3 | 0 | 2 | | | отпад од пазари | градско пазариште | | | 187 | | | | | | |
| 6 | 2 | 0 | 0 | 3 | 0 | 3 | | | остатоци од улица | улици и плоштади | | | 184 | | | | | | |
| 7 | 2 | 0 | 0 | 3 | 9 | 9 | | | комерцијален отпад | Угостителски објекти Текстилна индустрија продавници училишта | | | 397 | | | | | | |

Собирањето на комуналниот отпад се врши преку:

- Контејнери поставени на јавни површини
- Канти за индивидуални домаќинства
- Специјални акции за собирање кабаст отпад

Отпадот се транспортира до гратската деппонија „Алчеви кошари“ , каде што се врши негово одлагање.

Во текот на 2025 год исчистени се неколку диви депонии кои се наоѓаат во близина на градот тоа се :
Депонијата која се наоѓа на патот кон с.Златари пред Живинарска фарма




Депонијата покрај патот кај с.Сливница






Депонија кај с.Горно Дупени





Депонија кај с.Златари и с.Болно









Во текот на 2025 год од страна на ЈКП„Пролетер“ имаше акции за собирање на кабаст отпад,за таа цел се поставија контејнери од 7 тони распоредени низ градот Ресен и с.Јанковец.На страницата на ЈКП„Пролетер“ имаше известување за граѓаните .







Одделението на комунална хигиена учествуваше во Проектот кој е во партнерство со ИКС и ЕКО герила,како и во Генералка викенд.






Преку месните заедници се организираше посета на селата кои не се вклучени во системот на изнесување на отпад.Преку известување се организираа средба со цел запознавање со условите и начинот на подигнување на отпадот од селата.



ЈКП "ПРОЛЕТЕР" - РЕСЕН

И З В Е С Т У В А Њ Е

СЕ ИЗВЕСТУВААТ жителите на с.Горно Дупени истовремено и сопствениците на недвижен имот во КО Горно Дупени дека на ден **20.06.2025 год. (Петок)** во **19:00 часот** на локација **- стара задруга** ќе се одржи информативен состанок со претставници на ЈКП„Пролетер„-Ресен на тема:

- Приклучување на с.Горно Дупени во организационата мрежа на Општина Ресен за собирање на отпад од домаќинства согласно донесената одлука на Совет на Општина Ресен.

Заради подобра информираност на жителите молиме за присуство од Ваша страна.

Со почит,

ЈКП„Пролетер„-Ресен
в.д Директор



ЈКП "ПРОЛЕТЕР" - РЕСЕН

ИЗВЕСТУВАЊЕ

СЕ ИЗВЕСТУВААТ жителите на с.Лева Река истовремено и сопствениците на надвижен имот во КО Лева Река дека на ден **16.06.2025 год.**(Понеделник) во **09:00 часот** на локација – Сред Село ќе се одржи информативен состенок со претставници на ЈКП„Пролетер"-Ресен на тема:

Приклучување на с.Лева Река во организационата мрежа на Општина Ресен за собирање на отпад од домаќинства согласно донесената одлука на Совет на Општина Ресен

Заради подобра информираност на жителите молиме за присуство од Ваша страна.

Со почит,

ЈКП„Пролетер" Ресен
в.д. Директор



ЈКП "ПРОЛЕТЕР" - РЕСЕН

ИЗВЕСТУВАЊЕ

СЕ ИЗВЕСТУВААТ [illegible]

Со почит,

**Проблеми и предизвици**

Главни проблеми во управувањето со комуналниот отпад се:

- Недоволна селекција на отпадот од страна на граѓаните
- Преполнување на контејнерите
- Непрописно фрлање отпад на јавни и зелени површини
- Недоволна опрема и возен парк
- Горење на контејнери од страна на несовесни граѓани



Со цел подобрување на системот за управување со комуналниот отпад, потребно е:

- Подигнување на јавната свест за селекција и рециклирање
- Зголемување на бројот на контејнери
- Редовно одржување и модернизација на опремата
- Засилени инспекциски контроли

Јавно Комунално Претпријатие ЦО ПРОЛЕТЕР Ресен

**17.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и 202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот по Извештајот за работењето на градскиот пазар во Ресен во 2025 година

Се објавува Заклучок по Извештај за работењето на градскиот пазар во Ресен во 2025 година, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 13.03.2026 година.

Бр.09-943/17
23.03.2026 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 23 став 1 точка 35 и член 86 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/10, 13/13, 08/15, 11/15 и 10/21) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 13.03.2026 година, откако го разгледа Извештајот за работењето на градскиот пазар во Ресен во 2025 година, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

Се усвојува Извештај за работењето на градскиот пазар во Ресен во 2025 година заведен под арх.бр.01-126 од 06.03.2026 година, со напомена дека, Извештајот не е претходно разгледан од Управен одбор на претпријатието поради негово неформирање.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-805/20
13.03.2026 година
Р е с е н

Претседател
Коста Замановски с.р

# ЈКП "ПРОЛЕТЕР" - РЕСЕН

Тел: 047/451-643; фах:047/455-461; ж-ка: 200000001089496;
д-нт Стопанска банка АД Скопје; e-mail: jkpresen@gmail.com


ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ „ПРОЛЕТЕР"
Бр. 01-126
06.03.2026 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
06.03.2026
08 818/6

## И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ГРАДСКИОТ ПАЗАР ВО РЕСЕН ВО 2025 ГОДИНА



Февруари 2026

Јавно Комунално Претпријатие
ПРОЛЕТЕР
Ресен
ОП

Како една од седумте дејности во склоп на работењето на ЈКП Пролетер е и раководењето со Градскиот пазар кој е еден значаен објект од делокругот на работењето. На овој пазар лоциран во централното градско подрачје жителите на Преспа, продаваат и купуваат земјоделски производи.

Во текот на 2025 година редовно е одржувана хигиената со метење, миење и отстранување на комуналниот отпад на Градскиот пазар.

Градскиот пазар овозможува нормални услуви за корисниците вклучувајќи и тоалети кои беа поставени во склоп на пазарот.

Во делот на финансиите за 2025 година на Градскиот пазар од корисниците на тезги е наплатена вкупна сума од 344,720 денари со вклучен ДДВ, од кои 262,060 денари од дулие, 25,627 денари од редовни продавачи со договори и 57,030 денари од резервации. Додека пак расходи со вкупна вредност од 1,684,857 денари.

Анализирајќи ја финансиската состојба на градскиот пазар во 2025 година стои констатцијата дека во однос на минатата година бележиме пад на наплата на сите услуги што се должи на намалениот број на продавачи.

Додека пак кај расходите бележиме зголемување во однос на минатата година поради растот на платите и другите трошоци за одржување.

ЈКП "Пролетер" – Ресен

Изработил: Јоновска Христина

в.д. Директор

Марчел Косентино Русу

**18.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и 202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот по Извештајот за реализација на Програмата и работењето на работна единица Водовод за 2025 година

Се објавува Заклучок по Извештај за реализација на Програмата и работењето на работна единица Водовод за 2025 година, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 13.03.2026 година.

Бр.09-943/18
23.03.2026 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 23 став 1 точка 35 и член 86 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/10, 13/13, 08/15, 11/15 и 10/21) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 13.03.2026 година, откако го разгледа Извештајот за реализација на Програмата и работењето на работната единица Водовод 2025 година, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

Се усвојува Извештај за реализација на Програмата и работењето на работната единица Водовод 2025 година заведен под арх.бр.01-123 од 06.03.2026 година, со напомена дека, Извештајот не е претходно разгледан од Управен одбор на претпријатиeто поради негово неформирање.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-805/21
13.03.2026 година
Р е с е н

Претседател
Коста Замановски с.р

Јавно Комунално Претпријатие
ПРОЛЕТЕР ЦО
бр. 01-123
06 03 2026 год.
РЕСЕН

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
06.03.2026
08 818/4

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА И РАБОТЕЊЕТО НА РАБОТНА ЕДИНИЦА

## В О Д О В О Д




Јавно Комунално Претпријатие ЦО
ПРОЛЕТЕР
Ресен
1

Ресен, 2026 година

**ЈКП „ПРОЛЕТЕР“ - РЕСЕН**

Тел: 047/451-643; фах:047/455-461; ж-ка: 200000001089496;

д-нт: Стопанска банка АД Скопје; e-mail: jkpresen@gmail.com

# И З В Е Ш Т А Ј

## за работата на Ј.К.П Водовод во текот на 2025 год.

Развојот на урбанизацијата,индустријата и технологијата,како и повисокиот животен стандард континуирано ги зголемува потребите од вода со добар квалитет. Во исто време се наметнува и проблемот со одведување и прочистување на фекалните води од урбани средини.

Една од основните потреби на Ј.К.П Пролетер е водоснабдување на градот и околните села поврзани на регионалниот водовод Крушје- Ресен-Сирхан,исто така и туристичките населби с.Асамати и с.Претор со вилска населба.

Преку регионалниот водоводен систем претпријатието врши водоснабдување на градот Ресен и селата: Крушје, Избиште, Кривени, Јанковец, Г.Дупени, Царев Двор, Г.Б.Црква, Д.Б.Црква, Козјак, Езерени, Дрмени, Г.Перово, Д.Перово, Прељубје, Покрвеник, Волкодери, Шурленци и Сирхан.

Од водоводот се бара да ги обеззбеди потребните количини на вода со соодветен притисок и пропишан квалитет. Воедно да има доволен степен на сигурност и непрекинатост во водоснабдување на потрошувачите со вода.

Во 2024 година на корисниците поврзани на регионалниот водоводен систем Крушје- Ресен- Сирхан им е испорачана 1.835.300 $m^3$ вода од кои 1.468.240 $m^3$ на граѓаните и 367.0960 $m^3$ на стопанствата-индустријата. Водата е обезбедена од двата извори во С.Крушје- Голем извор, Мал извор и сегашните три бунари/бушотини во С.Царев Двор.

Потребите на населението и индутријата може да се каже дека беа задоволени за прв пат после долги години, освен со мали исклучоци при санација на дефекти на главни водоводни линии и приклучоци. Од измерените количини на издашноста на изворите може да се види дека таа варираше и тоа од 70-90 л./сек. Од 15ти Февруари во водоводниот систем беше пуштена Пумпната Станица С.Царев Двор повремено од 19:00 до 07:00 а од 14ти Јули и 24 часовна непрекината работа на четирите бунари и главната пумпа со околу 24 л./сек. , во Јуни па се до Август,Септември,Октомври со 19-20 л./сек. во зависност од потрошувачката и задоволителните потреби на водоводниот систем.

Во историјата на Градот Ресен и Преспа 2025 година е една од најсушните години од како постои податок. Но покрај сите овие лоши временски услови за недостаток на вода на глобално ниво, сите корисници на водоводни услуги беа опслужени со вода без рестрикции во Градот Ресен и Селата. Освен с.Претор-Вилска населба и с.Асамати во месец Јули и Август беа со рестрикција на снабдување со вода, во траење од 15 дена,поради недостаток на вода од главните извори во с.Курбиново и нерационално користење на водата од страна на потрошувачите.

**-Пумпни постројки- станици**

Пумпните постројки се користат за подигање на водата на потребна висина.Ваквите постројки се изведени до бунарите во с.Царев Двор, до собирната комора во с.Крушје за делови на високи коти во селото, с.Кривени до резерварот, с.Јанковец пумпна станица за препумпување на вода на повисоки коти од доводната линија, до резерварот во Ресен пумпна станица за препумпување на вода на делови од градот со повисоки коти од резерварот, населба Пролет,ул.Преспанска и ул.Славејко Арсов, с.Прељубје пумпна станица на 300м од селото за препумпување на вода на повисока кота од главната доводна линија, с.Сирхан пумпна станица за препумпување на вода на кота повисока од доводната линија за околу 170м.

Основна задача на пумпната постројка с.Царев Двор до бунарите е црпење на подземната вода филтрирање и дистрибуција на истата до потрошувачите и до резерварот Ресен. Системот е направен да работи автоматски во зависност на нивото во помошниот резерварски простор а

по потреба и рачно во кординација со останатите објекти преку телефонска линија.

Последна инвестиција е извршена во 2011 год. Замена на една тринаесет киловатна потопна пумпа поради дефект со нова пумпа.

Оваа година е извршена интервенција во два наврати на бунар/бушотина 2. Поставена е нова 15кw потопна пумптa Pedrollo и поставен е нов доводен кабел за бунар 2 и 4 NAYY-O 4x25 mm² во должина од 350м.

Набавен е и нов хлоринатор за хлорирање на водата која се испорачува во водоводниот систем









Во 2025 година редовно се врши контрола на работата и исправноста на црпните пумпи, проверка на работната температура, редовно подмачкување на ложиштата , замена на истрошените лојни јажиња. И променан на масло во системот. Во исто време се врши и пратење на работниот притисок и потрошувачката на ел.енергија и други параметри.

Се водеше сметка за останатата опрема и арматурите во објектите. Направени се редовни варосувања во објектите и темелно чистење на дворот и вегетацијата, и други активности во функција на одржување на хигиено-техничка исправност на истите.

Исто така во Пумпната Станица во с.Царев Двор беше извршена санација со лепење на постојниот резервар од оштетување поради старост на истиот. Комплетно се изврши санација со што се намалија загубите на вода а со тоа и се намали потрошувачкатана електрична енергија.

Пумпната постројка во с.Крушје е изведена за подигање на водата од собирната комора до резерварот кој служи за водоснабдување на повисоките зони на селото Крушје. Во работа е една пумпа која не е сервисирана последните 5 години и не постои резервна. Оваа година беше сервисирана 2 пати .

Обезбедувањето на вода за Средношколскиот училишен центар и околу 50 индувидуални стамбени објекти во населба Пролет, ул.Преспанска, Ул.Славејко Арсов, се прави со помш на пумпно построение кое се наоѓа до резерварот во Ресен. Тука постои сет од три пумпи снабдени со фрекфентни регулатори ПЛЦ автоматика за пофункионално и по економично работење. Пумпната станица последните 8 години е во дефект поради фрекфентните регулатори кои се изгорени и е во функција само една пумпа со еден фрекфентен регулатор од вкупно 3 пумпи. Оваа година беше поправен еден од дефектните фекфентни регулатори и е ставен во функција.Со тоа се ставени 2 од вкупно 3 пумпи за препумпување на вода и одржување на притисок.

Пумпна постројка за с.Кривени е со една хоризонтална пумпа за која не постои резервна и не е сервисирана во последните 2 години. Оваа година истата беше сервисирана.

Пумпна постројка во с.Јанковец е со вертикална пумпа Ловара и во текот на оваа година еднаш е сервисирана и е во постојана финкција,и за оваа постројка не постои резевна пумпа.

Пумпна постројка во с.Прељубје е поставена 2014 год.Последните 3 години беше вон функција. Во 2024 година пумпата е сервисирана и е преместена 150м на пониска кота и е во функција од 28.07.2024 год. И за оваа пумпна постројак нема резервна пума. Оваа година беше сервисирана 2 пати и е во функција. Се изработи фундамент и направена е кабина со изулација за истата .

Пумпна постројка с.Сирхан е поставена во 2014 година и е во функција, во 2022 год. е сервисирана но и за неа нема резервна пумпа. Ова година во месец Јули беше сервисирана и повторно ставена во функција.



**-Објекти за прочистување на водата**

Поради добрите физичко-хемиски и бактериолошки особини водата од изворите и бунарите единствено се врши дезинфекција на истата со течен 12% раствор на хлор-натриум хиперхлорид.

За дезинфекција ова година се потрошени 12.000 л. Од истиот, потрошувачката на хлор зависи од издашноста на изворите.

Во иситите објкети се одржува беспрекорна хигиена. Извршено е редовно миење под висок притисок на резерварите каде се врши дезинфекција на водата. Се водеше сметка за исправноста на приборот за хлорирање,за навремено обезбедување на хлор,контрола на дозирањето и потрошувачката на хлор и секојдневно мерење.

За квалитетот на испорачаната вода редовно е ангажиран референт за санитарна исправност која секојдневно на дваесетина места од мрежата го контролира присуството на хлор во водата.

По службена должност Заводот за здравствена заштита од Битола го испитуваше квалитетот на водата од системот. За таа цел на секој десет дена од 4 пункта на мрежата земаат примерои од вода на кои прават физичко хемиски и бактериолошки анализи. Од тие анализи може да се види дека квалитетот на испорачаната вода беше на одлично ниво.

Како и секоја гоина така и минатата беше направена Голема физичко-хемиска и бактериолошка-радиолошка анализа на водата од бунарите и изворите од страна на Републичкиот завод на санитарна контрола, кои го потврдија и онака добриот квалитет на истата. На вработените на овие објекти два пати во текот на годината беа направени санитарни прегледи.

**-Довод од захватите до населените места**

Водата од изворите во село Крушје преку цевовод од ПВЦ цевки со ф-315мм. во должина од 11км се носи до Ресен. Линијата е доста лошо изведена и на 13 места трасата на цевоводот од с.Крушје до Ресен ја сече Голема река. Потпорните ѕидови на одредени места на трасата не се во добра состојба и не гарантираат целосна заштита на премините при што не одложно е потребна целосна реконструкција на тој дел од главниот водоводен систем.

На овој дел во 2025 година не се појави ни еден дефект.

Цевоводот на дистрибутивната мрежа има вкупна должина од 65 км, главните доводни цевководи имаат вкупна должина од 55км или вкупно 120 км. Големината на главните доводни цевки е од ф-315мм, ф-280мм ф-255, ф-160мм ф-100мм, ф90, ф75, ф63 ПВЦ ,ПЕ, на дел од главната линија во с.Јанковец Азбест цемент.

На делото од главната доводна линија Ресен-Сирхан беа поправени 5 дефекти на линија ф-280, на ф-160 немало дефекти, на ф-100 ПВЦ беа поправени 3 дефекти и на ф-100 азбест цемент 2 дефекти.

Кај останатите цевни доводи до селата на главни линии откриени се и правовремено направени 8 дефекти.

**-Водоводна мрежа**

Должината на примарната или дистрибутивна мрежа изнесува околу 62км. Од нив 6,2км се изведени од азбестни цевки со пречник од ф60мм до ф160мм. Поправени се 4 дефекти. На останатата примарна мрежа изведена од ПВЦ цефки со профил ф-63мм до ф-160мм порравени се 16 дефекти. На секундарната мрежа или стамбените приклучоци извршена е интервенција и поправка на 370 дефекти од кои дел се на поцинковани цевки ,полиетиленски цевки,вентили во шахти и вентили на водомери. Извршена е поправка и промена на 147 водомери во Градот Ресен,селата и с.Претор и с.Асамати.

Извршено е приклучување на водоводната мрежа на 6 нови корисници. Во системот се заменти и монтирани нови 5 вентили на главни доводни линии и 1 нови воздушни вентили.

**-Резервари**

Постоечкиот резерварски простор изнесува 1.250 м3 од кои стариот резервар со една комора со капацитет од 338 $m^3$

Поради голема оштетеност воопшто не се користи другата комора која е капацитет од 228 $m^3$ и се користи само едната исклучиво за водоснабдување на Средношколцкиот училишен центар ,, Цар Самоил ,, и педесетина индивидуални стамбени објекти, а исто така и Здравствениот дом Ресен.

Само за потребите на село Крушје изведен е резервоар со капацитет од 18 $m^3$ во близинана собирната комора на двата извори.

Во водоводниот систем заради обезбедување на селото Кривени со вода е изграден нов резервар со капацитет од 30 $m^3$ кој ги задоволува потребите на тоа население.

Освен водоводниот систем Крушје-Ресен-Сирхан Ј.К.П Пролетер го одржува и водоводниот систем на селата Асамати,Претор и Вилска населба. Издашноста на изворите од кои се снабдуваат овие населени места во текот на минатата година беше добра, освен во летниот период кога изнесуваше од 8-10 л./сек. и која не ги задоволуваше во целост потребите на населението и туристите.

Поради ваквите проблеми со недостиг на вода за вилска населба во с.Претор кон крајот на 2023 е поставен нов резервар за вода со капацитет од 50 $m^3$ на локација над вилската населба.









Доводот на овај резервар е од бунар/бушотина, истата има жива вода која по природен пат се носи до резерварот и е 3 л./сек. . Водата е исправна Хемиско Бактериолошки но сеуште се користи како техничка вода,само за вилска населба во с.Претор. Исто така се известени писмено и преку социјалните медиуми корисниците на овој дел дека водата е за технички потреби.

Овој водоводен систем во с.Претор располага со уште еден резерварски простор од 240 m³ и истиот се користи за потребите на с.Асамати и с.Претор.

За редовна контрола на хлорирањето,одржувањето на мрежата и резерварот преку цела година беше ангажирано едно лице, додека во летниот период две лица, а по потреба и повеќе луѓе од претпријатието.

На оваа водоводна мрежа беа откриени и навремено поправени 7 поголеми дефекти на доводната и примарна мрежа и 5 на секундарната.

**Капацитет на резервоарите**

| Резервоар | Капацитет | Забелешка |
|---|---|---|
| 1.Стар резервоар | 288 $m^3$ | Во многу лоша состојба |
| 2.Стар резервар | 338 $m^3$ | Во многу лоша состојба |
| 3.Нов резервоар | 700 $m^3$ | Во добра состојба |
| 4.Резервоар Крушје | 18 $m^3$ | Во добра состојба |
| 5.Резервоар Кривени | 30 $m^3$ | Во добра состојба |
| 6. Резервоар Претор | 280 $m^3$ | Во многу лоша состојба |
| 7.Резервоар Царев Двор | 70 $m^3$ | Во лоша состојба |
| 8.Резервоар Сливница | 50 $m^3$ | Во добра состојба |

## Реализирано во водоводната мрежа во 2025 година

Водоводниот систем со кој раководи Ј.К.П Пролетер е изграден пред повеќе од 50 години и се состои од ПВЦ,Азбестни,Полиетиленски и Железни Цевки. Целта на претпријатието е во што побрз период да ги отстрани од употреба азбестните цевки.

Последен поголем зафат на Претпријатието и Општина Ресен е во 2014 - 2017 година. Целиот водоводен систем кој беше стар дотраен и азбестен е заменет со нов полиетиленски пластичен. Во тој период е ставен во употреба на сите делови од градот и тоа на улиците: 29 ти Ноември, 11 ти Октомври, Коле Неделковски, Илинденска, Мите Богоевски,Таше Милошевски и дел од Борис Кидрич. Од 2014 до денес се во функција двете водовдни линии азбестната и новата полиетиленска. На старата водоводна линија оваа година е интервенирано на 12вдефекти.

Од Март 2024 е започнато со приклучување на сите корисници кои не се приклучени на новиот водовод да се приклучуваат. До месец Септември се приклучени 67 домакинства. Така што до целосно поврзување на сите 150 корисници на новиот водоводен систем и исклучување на стариот азбестен водовод беше оваа година во во Месец Ноември.

Исто така поставениот Автоматско Контролирачки Вентил на притисок, Беше сервисиран  2 пати и беа променети манометрите за мерење на притисок. Со поставувањето на овој вентил контролата на притисокот во цевоводот се одржува константно ист. Со тоа се доведе до значително намалување на дефекти на главни доводни линии и секундарни прклучоци, а и со тоа и трошоците за нивно санирање. Исто така и нема секојдневно одење на испустот и рачно нагодување на притисокот.



Во с.Прељубје повеќе годишниот проблем со немање на вода е решен. Извршена е дислокација на пумпата која е поставена во 2015 на 200м од селото, истата во повеќе наврати во текот на годините остануваше во дефекти и без функција. Заради висинската кота на која се наоѓа и истата беше преместена 170м на пониска кота каде што има постоечки дотур на вода. Поставен е и нов ормар и кабел за електрична енергија во должина од 200м.







Во село Јанковец оваа година два пати е сервисирана пумпата за препумпување на вода, на домаќинства кои се наоѓаат на повисоки коти од доводната линија и не ги задоволуваат гравитациониот притисок на на вода.



На главнта линија резервари градски водовод Ресен со пумпна станица Царев Двор. На главната доводна линија ф 280 извршена е промена на 12м ПВЦ цевки ф280 при санација на дефекти и монтирани се 4 укс спојки.





Кај резервари градски водовод Ресен ова година после долги години е комплетно исчистена вегетацијата во целиот двор. На постоечкиот стар резервар, променета е вшумкувачката клапна од резерварот до пумпите, и во два наврати е исчистен резерварот. На автоматиката и ПЛЦ контролата на постоечкиот резервар, е направено автомацко отворање и затварање на резерварот за негово полнење. Со тоа се придонесе до намалување на дефектите на главните линии.










Новиот резервар во резервари градски водовод Ресен, со капацитет од 700 м$^3$, повеќе од 20 години не е во функција. Заради испустот на резерварот кој не е правилно димензиониран, и покрај тоа што во 2015 година поставена е нова регулациона шахта за двата резервари и нова доводна линија ф 225 мм ПЕ.

Од Јануари пуштен е во употреба новиот резервар кој не се користеше повеќе од 25 години. Направен е ископ од испутот на резерварот и димензионирана е нова испустна линија. Поставен е нов шибер вентил на испустот Ф160мм и 40м ПВЦ цевки И поставен е видео надзор 24/7 во резерварот.









Оваа година беше извршено санирање на пукнатините и оштетувањата на резерварот со бетонирање на одредени делови и беше заменет еден од главните вентили на резерварот од таа комора со нов вентил ф250 кој не беше променет повеќе од 40 години.





Обезбедувањето на резерварот го извршуваат вработени кои истовремено се грижат за хигено техничката исправност на објектите и пумпната станица со уредите.





Во соработка со Општина Ресен на Ул. Наум Веслиевски, комплетно е поставена нова водоводна главна доводна мрежа со секундарни приклучоци до водомер. Поставена е ф160 полиетиленска цевка и поставени се 6 подземни хидранти.





Во село Јанковец направена е дислокација на водоводна мрежа накоја имаше повеќе дефекти за 4 куќни приклучоци во должина од 90м, поставено е ново полиетиленско ф40 и поврзани се корисниците.





На Ул. Коле Неделковски со исклучување на стариот водовод на Ул.29 ти Ноември, потребно беше да се постави нова водоводна линија за 7 куќни приклучоци со поврзување на новат линија, во должина од 80м. Истата беше изведена од страна на ЈКП Пролетер и беа приклучени корсиниците.





На Ул. Христо Герасовски во Кино Салата на Дом на Култура Драги Тозија по нивно барање беше поставена хидрантска опрема со два ормари.





Исто така во текот на цела 2025 година екипа на ЈКП пролетер интензивно работеше на откривање на дефеки на водоводната линија кои не истекуваат на површина, тоа се правеше со цел за намалување на загубите на вода од водоводниот систем.





**Изработил:**

Ѓорги Гештаковски

Јавно Комунално Претпријатие ПРОЛЕТЕР Ресен

**ЈКП Пролетер- Ресен**

**в.д Директор**

Марчел Косентино Русу

Февруари 2026

**19.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и 202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот по Измена/Дополнување на Годишниот план за вработување за 2026 година во ЈКП „Пролетер“ Ресен

Се објавува Заклучок по Измена/Дополнување на Годишен план за вработување за 2026 година во ЈКП „Пролетер” Ресен, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 13.03.206 година.

Бр.09-943/19
23.03.2026 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/10, 13/13, 08/15, 11/15 и 10/21) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 13.03.2026 година, откако го разгледа Измена/Дополнување на Годишниот план за вработување за 2026 година во ЈКП „Пролетер” Ресен, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

Се усвојува Измена/Дополнување на Годишниот план за вработување за 2026 година во ЈКП „Пролетер” Ресен заведен под арх.бр.01-46 од 23.01.2026 година, со напомена дека, Извештајот не е претходно разгледан од Управен одбор на претпријатието поради негово неформирање.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-805/22
13.03.2026 година
Р е с е н

Претседател
Коста Замановски с.р

Јавно Комунално Претпријатие
ПРОЛЕТЕР ЦО
Бр. 01-46
23 01 2026 год.
РЕСЕН

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РЕСЕН
Примено: 24.02.2026
08 | 706 | /1

# ПРЕДЛОГ

Прилог бр.1

# ИЗМЕНА /ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 2026

| | |
|---|---|
| БР. И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ.: | Бр.01-305 од 25.06.2025 год. |

| | |
|---|---|
| ИНСТИТУЦИЈА: | ЈКП,,Пролетер,,-Ресен |
| ЗА ГОДИНА: | 2026 год. |
| ЕМБС НА ИНСТИТУЦИЈАТА: | 4002032 |
| ЕДБ НА ИНСТИТУЦИЈАТА: | 4024989100824 |
| ДАТУМ НА ПОДГОТОВКА: | 25.06.2025 год. |

| | Име и презиме | Потпис |
|---|---|---|
| Подготвил:<br>(го потпишува на датумот на подготовка) | Јованчо Кукуловски | |
| Одобрил:<br>(го потпишува на датумот на подготовка) | Марчел Косентино Русу | |
| **РАКОВОДНО ЛИЦЕ НА ИНСТИТУЦИЈАТА:**<br>(го потпишува на датумот на подготовка и на датумот на донесување) | Марчел Косентино Русу | |

Јавно Комунално Претпријатие ПРОЛЕТЕР Ресен

## ДЕЛ 1. ТЕКОВНА СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ИНСТИТУЦИЈАТА

***Табела 1.*** *Моментална состојба со број на вработени лица во институцијата*

| Опис | ВКУПНО | Административни службеници | Овластени Службени лица | Даватели на Услуги (носители на дејност | Помошно Технички лица |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен број вработени во институцијата (на датумот за поднесување на годишниот план) | 73 | 8 | 0 | 62 | 3 |

## ДЕЛ 2. ПЛАНИРАНИ ДВИЖЕЊА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ИНСТИТУЦИЈАТА ВО СЛЕДНАТА ГОДИНА

***Табела 1.** Планирано пополнување на работни места преку (пре)распоредување на вработените во институцијата на исто ниво (хоризонтална мобилност)*

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дали планирате пополнување на празни/непополнети работни места преку распоредување на вработените во рамките на институцијата, заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | | ДА | НЕ |
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го вкупниот број на непополнети работни места кои планирате да ги пополните преку распоредување во рамките на институцијата: *(наведете број)* | | | 0 |
| Наведете ги работните места кои планирате да ги пополните преку (пре)распоредување: | | | |
| р. бр. | работно место (шифра и назив) | Организациона единица (Сектор/Служба) | кратко образложение на причините |
| 1. | / | / | / |
| 2. | / | / | / |
| 3. | / | / | / |
| 4. | / | / | / |
| 5. | / | / | / |

***Табела 2.** Планирано пополнување на работни места преку унапредување во следната година**[*]

| Дали планирате пополнување на работни места преку унапредување на вработените во рамките на институцијата, заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | | | ДА | НЕ |
|---|---|---|---|---|
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го вкупниот број на работни места кои планирате да ги пополните преку унапредување во рамките на институцијата: *(наведете број)* | | | | 5 |
| Наведете ги работните места кои планирате да ги пополните преку интерен оглас: | | | | |
| р. бр. | работно место (шифра и назив) | Организациона единица (Сектор/Служба) | кратко образложение на причините | |
| 1. | КДР 01 02 Б04 007 Раководител на одделение за финансии и сметководство | Одделение за финансии и сметководство<br><br>Сектор за заеднички работи | Лицето кое ќе се унапреди ги исполнува условите за унапредување согласно позитивните законски прописи | |
| 2. | КДР 01 02 Б02 024 Раководител на сектор за заеднички работи | Сектор за заеднички работи | Лицето кое ќе се унапреди ги исполнува условите за унапредување согласно позитивните законски прописи | |
| 3. | КДР 01 02 Б04 075 Раководител на одделение за УСЧР и општи и правни работи | Одделение за УСЧР и општи и правни работи<br>Сектор за заеднички работи | Лицето кое ќе се унапреди ги исполнува условите за унапредување согласно позитивните законски прописи | |
| 4. | КДР 03 05 Б04 053 ВКВ Водоинсталатер | Одделение Водовод<br>Сектор водовод и канализација | Лицето кое ќе се унапреди ги исполнува условите за унапредување согласно позитивните законски прописи | |

[*] ***Во Делот 2 Табелите 1 и 2 институциите ги пополнуваат само доколку располагаат со потребните податоци во моментот на пополнување***

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5. | КДР 03 05 В01 010<br>Општ работник и управувач на помошни градежни машини | Одделение комунална хигиена и јавна чистота<br>Сектор за други комунални услуги | Лицето кое ќе се унапреди ги исполнува условите за унапредување согласно позитивните законски прописи |

## ДЕЛ 3. ПЛАНИРАНО НАМАЛУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ИНСТИТУЦИЈАТА ВО СЛЕДНАТА ГОДИНА

***Табела 1.*** *Планирано заминување на вработени од институцијата по основ на пензионирање*

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дали се планирани пензионирања на вработени од вашата институција заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | | **ДА** | НЕ |
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го вкупниот број на вработени кои ќе се пензионираат: *(наведете број на лица кои навршуваат 64 години)* | | | 1 |
| Наведете ги работните места кои ќе се испразнат по основ на пензионирање: | | | |
| р.бр. | работно место (шифра и назив) | Организациона единица (Сектор/Служба) | Основ на заминување-пензионирање (наведете датум на престанок на работниот однос) |
| 1. | КДР 03 05 Б04 018 Техничар во одделение за одржување на канализациона мрежа | Одделение канализација и пречистување на отпадни води Сектор водовод и канализација | Пензионирање 27.04.2026 година |
| 2. | / | / | / |
| 3. | / | / | / |

***Табела 2.** Планирано заминување на вработени од институцијата по други основи**[*]

| Дали се планирани заминувања на вработени од вашата институција по други основи заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | | | ДА | НЕ |
|---|---|---|---|---|
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го вкупниот број на вработени кои ќе заминат од институцијата: *(планираниот број)* | | | | 0 |
| Наведете ги работните места кои ќе се испразнат по други основи: | | | | |

| р.бр. | работно место (шифра и назив) | Организациона единица (Сектор/Служба) | Друг основ на заминување: (наведете ја причината/основот за престанок на работниот однос) | датум на престанок на работниот однос |
|---|---|---|---|---|
| 1. | / | / | / | / |
| 2. | / | / | / | / |
| 3. | | | | |
| 4. | / | / | / | / |
| 5. | / | / | / | / |

[*] ***Во Делот 3 Табелата 2 институциите ја пополнуваат само доколку располагаат со потребните податоци во моментот на пополнувањето***

***Табела 3.*** *Вкупен број на вработени кои се планира да заминат од институцијата (пензионирање и други основи) во следната година*

| Опис | ВКУПНО | Административни службеници | Овластени службени лица | Даватели на услуги (носители на дејноста) | Пом ошно технички лица |
|---|---|---|---|---|---|
| **Планирани заминувања во следната година** (заклучно со 31 декември следната година) | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 |

## ДЕЛ 4. ПЛАНИРАНО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ИНСТИТУЦИЈАТА ВО СЛЕДНАТА ГОДИНА (НОВИ ВРАБОТУВАЊА)

***Табела 1.*** *Планирано пополнување на работни места преку нови вработувања на неопределено време (трајно) на јавен оглас*

| Дали имате потреба од нови вработувања на неопределено време во вашата институција заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | ДА | НЕ |
|---|---|---|
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го вкупниот број на планирани нови вработувања на неопределено време: *(наведете број)* | | 25 |
| Наведете ги работните места за кои планирате да бидат пополнети со нови вработувања на неопределено време: | | |

| р.бр | работно место (шифра и назив) | Организациона единица (Сектор/Служба) | Кратко образложение на причините (зголемен обем на работа или надлежност на институцијата, поделба или други организациони промени во институцијата, пензионирања или друг одлив на кадар и друго) | Наведете колкав буџет ќе биде потребен за плата на новиот вработен во следната година (наведете во денари) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | КДР 03 05 А03 004 Раководител на одделение водовод | Одделение Водовод Сектор водовод и канализација | Испразнето место по систематизација | 454.656 |
| 2. | КДР 03 05 Б02 075 Референт - Инкасант | Оддел наплата (инкасанти) Одделение за финансии и сметководство Сектор за заеднички работи | Испразнето место по систематизација | 332.724 |
| 3. | КДР 01 02 В01 062 Советник за ИКТ | Одделение за финансии и сметководство Сектор за заеднички работи | Испразнето место по систематизација | 301.536 |
| 4. | КДР 01 02 В01 098 Советник за јавни набавки | Одделение за УСЧР и општи и правни работи Сектор за заеднички работи | Унапредување / Распоредување | 472.060 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5. | КДР 03 05 Б02 052 Оператор на пумпна станица | Одделение Водовод Сектор водовод и канализација | Испразнето место по систематизација | 344.568 |
| 6. | КДР 03 05 Б03 031 КВ Одржувач на резервоар | Одделение Водовод Сектор водовод и канализација | Испразнето место по систематизација | 344.568 |
| 7. | КДР 03 05 В01 004 Водоинсталатер | Одделение Водовод Сектор водовод и канализација | Испразнето место по систематизација | 349.548 |
| 8. | КДР 03 05 Б02 044 Референт за санитарна контрола | Одделение Водовод Сектор водовод и канализација | Испразнето место по систематизација | 310.392 |
| 9. | КДР 03 05 В01 013 Одржувач на канализациона мрежа | Одделение канализација и пречистување на отпадни води Сектор водовод и канализација | Испразнето место по систематизација | 312.480 |
| 10. | КДР 03 05 Б02 054 Одговорен на Пречистителна станица-Езерени | Одделение канализација и пречистување на отпадни води Сектор водовод и канализација | Испразнето место по систематизација | 359.376 |
| 11. | КДР 03 05 Б04 029 Одржувач на Пречистителна станица-Езерени | Одделение канализација и пречистување на отпадни води Сектор водовод и канализација | Испразнето место по систематизација | 329.748 |
| 12. | КДР 03 05 Б04 029 Одржувач на Пречистителна станица-Езерени | Одделение канализација и пречистување на отпадни води Сектор водовод и канализација | Испразнето место по систематизација | 329.748 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 13. | КДР 03 05 А03 022 Раководител на Одделение Комунална хигиена и Јавна чистота | Одделение, Комунална хигиена и Јавна чистота Сектор за други комунални работи | Испразнето место по систематизација | 464.520 |
| 14. | КДР 03 05 Б02 068 Возач на специјално комунално возило | Одделение, Комунална хигиена и Јавна чистота Сектор за други комунални работи | Испразнето место по систематизација | 324.912 |
| 15. | КДР 03 05 Б02 067 Контролор на јавна чистота | Одделение комунална хигиена и јавна чистота Сектор за други комунални работи | Испразнето место по систематизација | 354.480 |
| 16. | КДР 04 01 А02 001 КВ Автомеханичар | Одделение Комунална хигиена и Јавна чистота Сектор за други комунални работи | Испразнето место по систематизација | 354.480 |
| 17. | КДР 03 05 В02 021 Работник за собирање на отпад. | ОдделениеКомунална хигиена и Јавна чистота Сектор за други комунални работи | Испразнето место по систематизација | 306.552 |
| 18. | КДР 03 05 В02 021 Работник за собирање на отпад. | Одделение Комунална хигиена и Јавна чистота Сектор за други комунални работи | Испразнето место по систематизација | 306.552 |
| 19. | КДР 03 05 В02 031 Општ работник | Одделение Водовод Сектор водовод и канализација | Испразнето место по систематизација | 315.096 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 20. | КДР 03 05 Б04 018 Техничар во одделение за одржување на канализациона мрежа | Одделение канализација и пречистување на отпадни води Сектор водовод и канализација | Пензионирање | 252.744 |
| 21` | КДР 03 05 А01 010 Раководител на сектор за други комунални услуги | Сектор за други комунални услуги | Испразнето место по систематизација | 411.800 |

***Табела 2.** Планирано пополнување на работни места преку нови вработувања на определено време (времени вработувања)*

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Дали имате потреба од нови вработувања на определено време во вашата институција заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | | | | ДА | **НЕ** |
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го вкупниот број на планирани нови вработувања на определено време: *(наведете број)* | | | | | 0 |
| Наведете ги работните места на кои планирате нови вработувања на определено време: | | | | | |
| р.бр | работно место (шифра и назив) | Организациона единица (Сектор/Служба) | Кратко образложение на причините (зголемен обем на работа или надлежност на институцијата, поделба или други организациони промени во институцијата, пензионирања или друг одлив на кадар и друго) | Број на месеци во следната година за кои се планира да се исплаќа плата на новиот вработен. (наведете број) | Износ на буџет потребен за плата на новиот вработен во следната година. (наведете во денари) |
| 1. | / | / | / | / | / |
| 2. | / | / | / | / | / |
| 3. | / | / | / | / | / |
| 4. | / | / | / | / | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5. | / | / | / | / | / |

***Табела 3.** Планирано пополнување на работни места преку мобилност (преземање од друга институција)**[*]

| Дали планирате пополнување на работни места преку мобилност (преземање од друга институција), заклучно со 31 декември следната година? *(заокружете)* | | | ДА | НЕ |
|---|---|---|---|---|
| Доколку одговоривте со ДА, наведете го вкупниот број на нови вработувања по пат на мобилност (преземање од друга институција): *(наведете број)* | | | | 0 |
| Наведете ги работните места кои планирате да ги пополните по пат на мобилност (преку преземање од друга/и институција/и): | | | | |
| р.бр | работно место (шифра и назив) | Организациона единица (Сектор/Служба) | кратко образложение на причините | |
| 1. | / | / | / | |
| 2. | / | / | / | |
| 3. | / | / | / | |
| 4. | / | / | / | |
| 5. | / | / | / | |

---

[*] ***Во Делот 4 Табелите 2 и 3 институциите ги пополнуваат само доколку располегаат со потребните податоци во моментот на пополнувањето***

***Табела 4.*** *Вкупен број на планирани нови вработувања (неопределено време, определено време и преземања од други институции) во институцијата во следната година*

| Опис | ВКУПНО | Административни службеници | Овластени службени лица | Даватели на услуги (носители на дејноста) | Помошно Технички лица |
|---|---|---|---|---|---|
| **Планирани нови вработувања во следната година** (заклучно со 31 декември следната година) | 21 | 2 | 0 | 18 | 1 |

**20.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и 202/24) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решението за констатирање престанок на мандат и именување на членови во Управниот одбор на ЈОУДГ „11 Септември“ - Ресен

Се објавува Решение за констатирање престанок на мандат и именување на членови во Управниот одбор на ЈОУДГ „11 Септември“ - Ресен, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 13.03.2026 година.

Бр.09-943/20
23.03.2026 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и членот 114 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 13.03.2026 година донесе

РЕШЕНИЕ
за констатирање престанок на мандат и именување на членови во Управниот одбор на ЈОУДГ „11 Септември“ – Ресен

1. Се констатира престанок на мандат на членови на Управниот одбор на ЈОУДГ „11 Септември“ - Ресен во следниот состав:

   - Христина Јоновска

   - Јован Ставревски

   - Тања Проевска

2. За членови на Управниот одбор на ЈОУДГ „11 Септември“ - Ресен се именуваат следните:

- Христина Јоновска
- Надица Димиџиевска
- Тања Проевска

3. Мандатот на членовите на Управниот одбор трае 4 (четири) години.
4. Оваа решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ресен“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-805/23
13.03.2026 година
Р е с е н

Претседател
Коста Замановски с.р

## С О Д Р Ж И Н А:


1. Годишна (завршна сметка на Буџетот на Општина Ресен за 2025 година.....стр.1
2. Заклучок по Годишен извештај по годишна сметка на Буџетот наОпштина Ресен за 2025 година..................................................................................................стр.129
3. Програма за дополнување на Програмата за Ф – Урбано планирање Ф10 – Урбанистичко планирање Изработка на урбанистички планови во Општина Ресен во 2026 година...........................................................................стр.150
4. Заклучок по Програмски и Финансиски извештај на Општинска Установа Дом на култура „Драги Тозија“ – Ресен за 2025 година..........................................стр.152
5. Заклучок по Финансиски извештај по завршна сметка за 2025 година на ЈОУДГ „11 Септември“ – Ресен.........................................................................стр.179
6. Заклучок по Финансиски извештај по завршна сметка за 2025 година на СОУ „Цар Самоил“ – Ресен..........................................................................стр.187
7. Заклучок по Финансиски извештај за 2025 година на ООУ „Мите Богоевски“ – Ресен.................................................................................................стр.196
8. Заклучок по Финансиски извештај за 2025 година на ОУ „Гоце Делчев“ – Ресен.................................................................................................стр.200
9. Заклучок по Финансиски извештај за 2025 година на ООУ „Славејко Арсов“ – Подмочани.........................................................................................стр.204
10. Заклучок по Финансиски извештај за 2025 година на ООУ „Браќа Миладиновци“ – с.Царев Двор.....................................................................................стр.208
11. Заклучок по Финансиски извештај за 2025 година на ООУ „Димитар Влахов“ – с.Љубојно.............................................................................................стр.212
12. Заклучок по Извештај по Годишна сметка на ЈКП „Пролетер“ Ресен за 2025 година.................................................................................................стр.216
13. Заклучок по Извештај за работењето на одделението Јавно прометни површини за 2025 година.......................................................................стр.232
14. Заклучок по Извештај за работата на градските гробишта во Ресен во 2025 година.................................................................................................стр.248
15. Заклучок по Извештај за работата на канализација и пречистување на отпадни води во 2025 година..........................................................................стр.253

16. Заклучок по Извештај за реализација на Програмата за одржувње на комунална хигиена за 2025 година.........................................................................стр.261

17. Заклучок по Извештај за работењето на градскиот пазар во Ресен во 2025 година.........................................................................................стр.269

18. Заклучок по Извештај за реализација на Програмата и работењето на работна единица Водовод 2025.........................................................................стр.272

19. Заклучок по Измена/Дополнување на Годишниот План за вработување за 2026 година во ЈКП „Пролетер“ Ресен....................................................................стр.293

20. Решение за констатирање престанок на мандат и именување на членови во Управниот одбор на ЈОУДГ „11 Септември“ – Ресен..................................стр.309

**Издавач:Општина Ресен**
**Тел:047-551-770**
**Буџетска сметка: 7600140754630 10 НБРМ**
**Даночен број: 4024004107609**
**Матичен број: 6018572**